*Владимир Илиевски*

# *Мојата*
# *лична*
# *амортизација*

*Оцртување на наивноста*

## Пред изгрејсонце

Ноќеска работат
само пајаците
останатите
со восок во ушите
и превез врз очите
сонуваа
дека кога-тогаш
ќе се раздени.

Заробен
во пајажината
светот го очекува
изгрејсонцето.

## Поистоветување

Се скривме двајцата
под лушпата на оревот
ко два брата под ист покрив
кои очите не си ги гледаат.

Ударот на чеканот
не нé спои
само ни ја поистовети
судбината.

## Недомаќин

Во ќошето на таваницата
здогледав пајажина

помислив
каков недомаќин сум

и седнав
со погледот нагоре
и долго
долго
се восхитував
на ткајачот
и ткаенината.

## Бура

Поздрав
средба на две дланки
блага насмевка
и тешко воочлив
кариес
меѓу двојката и тројката
горе десно.

Два темни облака
од север
ја навестуваат
бурата

од зад планите
ил од зад поздравите...

сеедно.

## Наивност

Во окото на светот
ја гребеме зеницата,
а кога Господ прекорно
ќе не погледне,
вџашено ги креваме рамениците.

Кротко седнуваме потоа,
на низок триножник
и со тенка прачка
во правта
си ја оцртуваме
нашата излитена
лажна наивност.

## Црно – бело

Се печатат бели листови
и се продаваат
ги купуваат бели лица
и бело ги читаат
бели усти ги раскажуваат
бели уши ги слушаат бело
ги запомнуваат бели мозочни маси.

Црно се пишува
во ова сиво белило.

## Кога ќе го повишам тонот

Кога ќе го повишам тонот
не значи дека се лутам
тоа значи се борам

и испречувам меѓу
крвавата пукотница
и кревкиот мир
ред заби
со неколку семки од зрели смокви
од слаткото на мајка ми.

## Сé отиде во Шашаварлија

Слушајќи како
често баба ми вели:
"Сé отиде во Шашарвалија"
тргнувам забрзано од Штип
по раскопаниот макадам
кон тој скриен топоним
и разменувам по пат
со парталавите земјоделци
по некој наш и по некој турски збор
и слушајќи како
често баба ми вели:
"Сé отиде во Шашарвалија"
заспивам тоа врело пладне
на стариот миндер
допола гол и непокриен
за да наскоро ме разбуди
кафето кое тече на шпоретот
и кое тргнува за Шашаварлија
кроце – покроце.

## **Крстовар**[1]

Ја собрав сета тишина
Во тупаницава.
Гледам кон Тебе,
Крстовар.
Ти што ко притаан демнач
Го стругаш од високо
Погледот свој
Врз острите агли
На напластениот смог
И немо желееш
Да ја надгласиш
Мојата тишина
Во мојата тупаница
Вклештена
И толчена
Под моите нокти бели,
Бели ко вар.

Ти сив
Осамен
Далечен
За многумина
Знаен, а незнаен
Крстовар.

---

[1] Врв на планината Водно.

## Кај старите поштански гаражи порано

Кај старите поштански гаражи порано
од една лимена трафика
ги купував омилените сликички
со фудбалери, животни и “Отпишаните”
за моите детски албуми.

Сега токму на тоа место
има контејнери што ужасно смрдат
и градско сообраќајно тесно грло
и сообраќајки со повредени
и кафеани и во нив уметници
целодневни сеирџии и картаџии.

Ги нема само
Поштански, трафиката, сликичките
и ...детето.

## Стариот и новиот камен во Ефес

На твоите улици е гужва,
а се слуша молк,
тоа молчи каменот
оној стар камен од дамнини
вграден во амфитеатрите,
втиснат во сокаците,
оформен во столбовите,
а оној новиот донесен
за реконструкција,
се труди да имитира

па и тој молчи,
трае,
во обид
да восхити.

*Лична амортизација*

## Мисла

Полека
Ме населува
Една мисла.

Плодните предели
На моето мирување
Богатите ловишта
На мојата здодевност
Ги запоседнува.

Од територијата
На моето лично
Спокојство
Не остана ништо.

Тогаш од черепот
Ја излевам
Сивата мозочна маса
Му ја подарувам
На новиот господар
На суровиот моќник.

Се покорувам
Се поробувам
(Не)прашувајќи – *каде*
(Не)размислувајќи – *зошто.*

## Фрустрации

Природата ја сфаќам
како судбина
цивилизацијата
како политичко убедување.

Културно им се извинувам
на религиозните
што не успевам
да нацртам икона.

Го молам
да ми простат атеистите
кога им зборувам за Господ
и неговите дела.

Ја презирам
технологијата
па им раскажувам
по имеил за тоа
на пријателите.

Разговарам
сам со себе
си ги лечам
фрустрациите.

## Ве разбирам Јас

Мој топонимски шатору
Буро и мастило
Врело и лавино
Мои наострени раски
Неиспечена глино
Неизречена моја песно

Мои
Ти и Тој
Ние и Тие
Мои Вие

Ако сакате
Разберете ме
Во спротивност
Ве разбирам Јас

## Димензија на ќошето

Те гледам, ќоше,
Во тебе три рамнини
Си подаваат рака.

Колку си совршено
А на твоите одредници
Дури три точки им се потребни.

Во тебе времето
На наковална го обработува
Просторот
Го збива со удари тешки
Во една димензија
И мака мачи
Во Тебе
Да го уништи
Него
Но и Себе.

## Движење

Кружно движење
по одредена патека
се дури почетокот и крајот
едно не се сторат

Над се́ тоа
Богот или Судбината
ја дозираат
количеството среќа
и средната брзина
на движењето.

## Амортизација

И овој ден
чекорат
и чекорејќи се абат
Нештата и Ништата
што мене
ме прават
мене.

Тогаш во неденот
во сонот
на шалтерот наноќта
ја исплатувам
својата лична
амортизација.

## Вистина

Овој привид
ко меур од
сапуница
на грб
го носам

да пукне
чекам
тежо земјина

ти врз мене
јас врз тебе

на чиста вистина
да газиме

## Море

Нé собра во себе
за да нé олади
за да нé осоли
да ни удри шлаканица
со своите бели раце
и да ни каже
дека тоа е тука
од искон
а ние во него
колку плесок на дланките.

**Срце**

Еден обид
повеќе можности

Клечам
на раскрсница

Еден обид
повеќе можности

Победи ме
Избору

Еден обид
повеќе можности

Таму
поведи ме Срце!

## Содејство

Сите камења
во водата
без рабови
оличени се.

Животот за нив
лесен е
во таа средина
на поинаква тежина
и милост.

Измазнети нерамнини
низ хармонично содејство
на водената динамика
и камената статичност.

## Обид за дефинирање

Поставените прашања
чекаат да се одговорат.
Собраните старци
(лани без помлади и повеќе)
не се секаваат на нив
оти искуството
што ко морска плима надошло
бесцелно е без
краткотрајната меморија.

На прашањата
се нафрлаат неискусните
чија младост во крвта
ко зовриено вино клокоти.
Ја чувствуваат моќта своја
ја презираат сенилноста туѓа
па одговараат ли одговараат
со синтагми свежи
ко бебешки здив.

Со секој штотуку роден збор
го гризаат својот миг
во таа бесконечна животна низа
каде само привидно
времето го утврдува местото.

А него – *времето*
во обид да го дефинираме
со цезиумот го ограничуваме
и го мериме.

## Пет, четири, три...

Започнува
нижење на миговите

со временска бројаница
во десницата
недостоен смртник
го дели неделивото

“пет” изговара
на “четири” помислува
на “три” веќе
ко цезиум се замислува.

## Само четири чекори

Веќе е започнато
нижењето на миговите

чека да (за)чекори
врз цврст челик

само четири чекори
пред  челуста
на наковалната
и чеканот.

*Дали мојата соба секогаш е иста?*

## Петолетки

Во првата бев дете
во втората дете и пионер
во третата половина дете
половина младинец
во четвртата стручно се оспособував
во петтата академски граѓанин
а во сите наредни
морнар без копно пред себе
капетан на брод
опортунист и конформист
комунист либерал и фашист
актер циркузант и голубар
производувач и потрошувач
член на синдикат
физичко лице
здравствено и социјално осигуран
редовен џокер меѓу
десетката и дамата
доволни за отвор
и за крај на партијата.

## Откритие

Тука, тука лежат одговорите
на сите можни прашање.
Зошто кислородот  е без мирис?
Зошто шекерот е кристален и бел,
а солта кристална и солена?
Зошто слушам со ушите,
а дишам со белите дробови?
Зошто сега е лето,
а зима по шест месеци?
Зошто пцујам во себе?
Зошто не трпам промаја?
Зошто и ова утро
морам да одам на работа?
Зошто жена ми ме избегнува
кога ќе се напијам мастика?
Зошто го варосуваме станот
секоја втора година?
Да, да точно е,
тука лежат одговорите
на сите можни прашања.

## Мојот град

Мојот град е величествена метропола
и во него сонцето
поблескаво од било каде сјае
луѓето се натпросечно пријатни
и допола отворени за интерактивна соработка
мачките редовно мјаукаат
кучињата не лајат на изнемоштени и бремени
поштарите се сите хетеросексуалци
со исклучок на два-тројца
но тие се шалтерски кртови
пензионерите не играат домино
само го разменуваат дупликат чеизот
на своите пензионерки
снаодливите бизнисмени редовно ги мамат
љубовниците со своите сопруги
врапците, гугутките и гулабите
не доручкуваат ронки од бурекот
на фабричките работници
реката замислете тече
дури и дожд понекогаш паѓа
а јас не можам да сфатам
зошто кога сонувам пајаци
врескам во сон
и се будам утоп мокар.

## Партија домино

Едниот со дупла шестка
ја отвори партијата
другиот одговори
шест и четири
со шест и пет
во спротивна насока
се придвижи низата
за да накрај
едниот задоволно
ја протри брадата
а другиот нервозно
почна да се пребројува
кога тесното прилепено здолниште
врз колковите на една млада госпоѓа
која незабележувајќи ги мина
покрај нив
ги потсети на потрошената младост
на врелото лето надвор од под сенката
и на ситната пензија
која повторно доцни.

## Чинар

Долго бдеење
над сопственото корење
длабење длапка
в земја
која небаш секој корен
го прима
и чекајќи ги
реставраторите
да ти го извадат
срцето
со безлична маса
да ти го наполнат
а потоа
според редот на нештата
кората напукната и груба
да ти ја сронат
божем, без функција била,
па така, обезличен
и срамно гол
но така современ
и нов
да го примаш
восхитот
на идните
сајбер генерации.

## Собрани дела

За да му ја одземат авангардноста
му ги издадоа собраните дела
во шест книги
со тврди корици.

Потоа го поставија на трон
во неколку интервјуа
ја разоткри својата
и нормално
ја искритикува туѓата поетика.

На крај, поверува,
дека доби сé,
а изгуби толку малку,
авангардноста.

## Инспирација

Кога ќе те побарам
твојата секретарка вели:
"Жалам, на пат е."

Тогаш бесно извикнувам:
"Не појавувај се
пред мене
ниту во мене
кога ги полевам
ружите во дворот!"

## Квалитет на вистината

Таа година многу врнеше
и грозјето беше лошо
па затоа и виното беше лошо
и локалните пијаници
почнаа да пијат пиво
што неминовно се одрази
врз квалитетот на
апсолутната вистина во универзумот.

## Нерасположение

Легнати
еден до друг
ја мерат
плоштината
на таванот.

## Гравитација

Се поведовме двајцата
фатени за рака
по тесниот пат
по ридот
угоре.

А по кавгата
на ридот
за удолу
доволна беше
само гравитацијата.

## Соба на пладне

Меѓу таваницата и подот
и околните четири ѕида
алчните предмети
го крадат волуменот.

Моето тело
ги менува координатите
по X, Y и Z оските.

На малиот евтин будилник
се поклопија стрелките.
Пладне е.

Дали мојата соба
секогаш е иста?

*Од другата страна на еден мит*

## Во меѓувреме

Се поистоветувам
со тебе само кога
ја носам маицата
со ликот твој
а во меѓувреме
делкам врбови гранки
и на свирчето
гордо и достоинствено
ја отсвирувам
интернационалата.

## Привилегија

Прочитав еден текст,
вели, си бил голем женкар.

Ги убеди.
Женската привлечност
не е само
капиталистичка привилегија.

## Вистински економисти

На новинарското прашање:
“Дали сте Вие економист?”
Одговори:
“Не, јас сум комунист!”
И замина.

Не ги излажа
Смртта твоја
Вистинските економисти
Ја комерцијализираа.

*Единствено Тој*

## **Сомнеж**

...
*ќе знае ли слободата да пее*
*како што пееле робовите за неа*
*...*

*Б. Миљковиќ*

И покрај сé
Останува
Неговото присуство
И во белото
И во црното
И во тоа
Помеѓу

А тој
Колва ли колва
И боли и боли
Прегладнет мршојад е тој
За да на крај
Соочен со ѕвекот
На голата коска
Се посомневам
Во вистинитоста
на тапата болка.

**Зборот и(ли) јамката**

*"Ме уби пресилниот збор"*
*Б. Миљковиќ*

Дали гранката Ти ја избра
или тие ти ја посочија,
немите волци без јачина на зборот,
но со вешти прсти
да ја сплетат цврсто јамката.

Не клевети го зборот,
Поету!

## Барем за пример

Во весникот прочитав:
“Обидете се да бидете среќни
ако не за друго
-барем за пример.”[2]

Помислив, грешиш,
нека остане
барем тагата чиста
неизвалкана недвосмислена
-барем за пример.

[2] Зборови на Жак Превер објавени во еден македонски дневен весник

## Реченичен Одисеј

*"Секоја земја има свој Одисеј,*
*па дури и Норвешка"*
*Б.Г. и К.Б.*

Прегрнувајќи ја Пенелопа Одисеј извикнува:
"Сложената реченица е синтаксичка
единица што содржи два прирока
а тоа значи две реченици
поврзани меѓу себе во поглед
на содржините што ги носат."
Таа се повлекува чекор назад.
Го гледа и молчи.
Заедно со неа молчи интерпункцијата.

## Митска шема и прашање

Од центарот
од кругот на познатото
кон непознатото

потоа назад

некогаш тркалање камен
некогаш в рака грал

со бележени тела
низ просеано време
“Тврдоглави, вредеше ли?”

**Размислувачи пред огледалото**

1.
Исправен пред огледалото
Платон долго размислува:
“Јас го подражувам него
ил тој ме подражува мене?”

2.
Исправен пред огледалото
оној друг отаден Платон размислува:
“Јас го подражувам него
ил тој ме подражува мене?”

3.
Притиснато меѓу два привида
меѓу двајца луцидни размислувачи
огледалото заклучува:
“Единствено јас верувам
во моето постоење!”

4.
и срамежливо додава
се разбира шепотливо
“Но дали јас го подражувам него
ил тој ме подражува мене?”

## Клетва

Проклет да си
Прометеј!
Проклет да си Ти
и твоето големо
алтруистичко дело!

Каде си сега
Крадецу
трупците
да ги исцепиш!

## Врз својата трпеза

Врз својата трпеза
мракот расфрлува метафори
јас ги требам ко нечист орис
замислувајќи како
со тие домакински работи
плукам во
суратот на денот.

## Сексуални афинитети

Вресна зборот
и збесна
пред раскопчаниот градник на смислата
клечејќи на ковчестите колена
чекајќи го ветеното спојување.

Во нивните чудни
непредвидливи сексуални афинитети
се крие одговорот на љубопитното
“Што бидна понатаму ?”

## Клопче

Во дланка
клопче стискам
денот
го заплетувам
ноќта
ја расплетувам
на земја легнувам
ѕвездени петлици
да сошијам
на гола кожа
елек да облечам
дуздисан и исправен
да чекорам
надлактен на масата
кога пишувам.

## Единствено Тој

Зборот
ја искорна рамноденицата
од нејсзината сопствена сенка
и ничкум пред нозете свој
ги посла денот и ноќта
луто мерејќи ги со поглед
за да ги гази крвнички
и да си потврди осветнички
дека пред нив постоеше
само Тој
единствено Тој
Зборот.

## Резиме

Не е сé во погледот
ни во птицата
прелетот нејзин
го распарува молкот.
Потрагата не нé сече
на две
не рони во ситна прашина
оти напати и
таа самата е нечија трага.
Јас не ни помислувам
дака сум тој
туку развлекувам врбови гранки
меѓу прстите

и живеам.

## ЗА АВТОРОТ

Владимир Илиевски е роден 1970 година во Скопје. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје на групата Општа и компаративна книжевност. Магистрирал на истиот факултет.

Ги има објавено поетските книги: *Гледач на линија* (1997), *Избор и случајности* (2000), *Мојата лична амортизација* (2002) и *Нема исти утра* (2008). Автор е на книжевно-теориската студија *Цитатноста во лириката* (2007).

Застапен е во неколку антологии на поновата македонска поезија. Дел од неговата поезија е преведена и објавена на хрватски, српски, бугарски, англиски, италијански и литвански јазик.

Живее и работи во Скопје.